Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 10- 10711/2
8.1.2015 год. 14-01-2015
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106 212
(02) 3 106 214
Сајт:www.mtsp.gov.mk

До: Асоцијација за економско истражување, застапување и доставување економски политики „Finance Think“
Ул. Јордан Мијалков 50/3, 100 Скопје

**Предмет: Одговор**

***Почитувани,***

Согласно доставен допис од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за труд и социјална политика со должно внимание ги разгледа доставените препораки во областа на социјалната политика согласно спроведените истражувања на Асоцијација за економско истражување, застапување и доставување економски политики „Finance Think“ Скопје и по однос на истите Ве известува следново:

Во врска со Истражувањето: „Внимавајте на јазот помеѓу буџетските ставки и програмите од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата“ по однос на точка 1 и точка 2, Ве известуваме дека ранливите категории на граѓани, сиромашни и социјално исклучени се дефинирани во донесената Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, додека спроведувањето и мониторингот на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост се одвива преку донесување и реализација на годишни оперативни планови за имплементација на стратегијата преку процес во кој учествуваат сите релевантни министерства и институции одговорни за реализација на истите. Во овој процес целосно е вклучен Државниот завод за статистика кој продуцира соодветни индикатори и анализи на состојбите на сиромаштија и социјална исклученост- таканаречените Лаекен индикатори на сиромаштија согласно меѓународно споредливата методологија за мерење на сиромаштијата во согласност со регулативите на ЕУ каде извор на податоците е Анкетата за приходи и услови за живеење и истите може да бидат преземени од официјалната веб страна на Државен завод за статистика.

Што се однесува до препораките за информирање на лицата со понизок степен на образование, со посебен акцент на Ромите, обезбедување на институционална поддршка при обезбедување

на задолжителни документи за аплицирање и користење на социјалните мерки за социјално исклучените категории на граѓани и лица од рурални средини, како и вклучувањето на ранливите категории во процесите на идентификување на проблемите и креирање на мерки, во изминатиот период се презедоа конкретни мерки за овозможување на поголема достапност на социјалната работа и социјалната заштита до сите граѓани, особено до оние кои живеат во руралните средини и во населени места кои се надвор од седиштето на Центрите за социјална работа преку отворање на нови дисперзирани одделенија во центрите за социјална работа.

Покрај тоа, се реализира и проектот „Отворени денови за социјална заштита во рурални средини", со кој се овозможи приближување на социјалната заштита и социјалната работа до жителите во руралните средини, подобра превенција и рано откривање на изложеноста на социјален ризик, како и навремена интервенција од страна на центрите за социјална работа.

Во оваа насока континуирано се спроведуваат и активностите на Ромските информативни центри кои се во постојана комуникација со граѓаните и придонесуваат во подобрувањето на степенот на интегрираноста на Ромите, информирање, застапување и давање на поддршка за полесно решавање на проблемите со кои се соочува ромското население.

Со воспоставување на електронска евиденција на корисници на парични права и услуги од социјална заштита во центрите за социјална работа, Заводот за социјални дејности и Министерството за труд и социјална политика, се поедноставија административните процедури, особено преку воспоставен систем на размена на информации по службена должност со институциите кои водат бази на податоци, потребни во постапките за остварување на парични права од социјална заштита.

Исто така, спроведени се активности насочени кон јакнење на капацитетите на локалните самоуправи за развој на социјални услуги на локално ниво, при што во неколку општини се спроведе обука за вработените во општинската администрација, центрите за социјална работа и невладиниот сектор за мапирање на категории на граѓани изложени на социјални ризици, утврдување на нивните потреби и достапните ресурси во локалната заедница, воспоставување на

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Министерство за труд и социјална политика**

координирана соработка помеѓу сите релевантни субјекти и формирање на координативни тела за социјална заштита.

Во оваа насока, Министерството за труд и социјална политика ќе продолжи да презема мерки насочени кон подобрување на состојбите и создавање на амбиент на неселективен пристап кој овозможува безусловни шанси и можности на сите граѓани на Република Македонија, а во соработка со релевантните органи и институции, како и граѓански здруженија и социјални партнери кои третираат прашања од областа на социјалната заштита и вклучување.

Во однос на активностите од истражувањето за зголемување на ефектот од програмата за земјоделски субвенции врз намалување на сиромаштијата, согласно законските надлежности, како и предвидените стратешки цели од Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија, за релевантноста на дадените предлози би требало да се произнесе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*Со почит,*

Изготвил: М.Коцевска
Контролирал: С.Спасовска
Одобрил:З.Мемети
Согласен: Ѓ.Велковски

**Министер**
**Диме Спасов**